Бр./Nr 12-500/6
11-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-500/1 од 28.01.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето ----, В.Д Директор на СГГУГС „----", **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-500/1 од 28.01.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 28.01.2025 година, поднесена е пријава против лицето ----, В.Д Директор на СГГУГС „ ---- (понатаму: Училиште) и оформен е предмет бр. 12-500/1 од 28.01.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека во периодот од 02 до 03.11.2024 година В.Д Директорот на Училиштето, лицето ----, реализирала екскурзија за наставници во Хотел "----" – ----, Република ----. Подносителите на пријавата се сомневале на корупција по однос на потрошени средства и намената за тоа патување, од причина што имале сознание дека хотелските услуги во

горенаведниот хотел не кореспондирале со трошоците направени на спорното патување.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Училиштето.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

На ден 01.11.2024 година од страна на посочениот В.Д Директор била донесена Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги – превоз за потребите на училиштето во земјата и во странство, со износ на проценетата вредност на договорот за јавната набавка од 200.000,00 денари без ДДВ, односно 236.000,00 денари со вклучен ДДВ.
Исто така, на ден 05.03.2024 годна била донесена Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги – хотелски услуги за потребите на училиштето во земјата и во странство, со проценетата вредност на договорот за јавната набавка од 230.000,00 денари без ДДВ.

По спроведувањето на постапките за јавна набавка на наведните услуги бил склучен Договор за јавна набавка на услуги – автобуски превоз во земјата и во странство, помеѓу Училиштето и ДППУ “----” ДООЕЛ Скопје, во кој е уредено дека вредноста на договорот неможела да ја надмине сумата од 200.000,00 денари без ДДВ и Рамковната спогодба за јавна набавка на услуги – хотелско сместување за потребите на Училиштето, склучена помеѓу Училиштето и ДТТТМКУ “----” ДООЕЛ Скопје, каде е уредено дека вредноста на оваа спогодба неможела да ја надмине сумата од 230.000,00 денари без ДДВ, како и

Видно од Фактура ЈН-29/2024 од 06.11.2024 година, издадена од ДППУ “----” ДООЕЛ Скопје, за извршен превоз на патници со автобус на релација --------- (Република ----)-----на ден 02.11.2024 година и 03.11.2024 година, како и извршен превоз на патници со автобус на релација --------- (Република ----)-----на ден 05.11.2024 година, фактурираната вредност изнесува вкупно 65.704,00 година без вклучен ДДВ.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Додека, Фактура бр. 20-0050/24 од 12.11.2024 година, издадена од ДТТТМКУ “----” ДООЕЛ Скопје, за извршено хотелско сместување во хотел со четири ѕвезди во ----, Р. ----за 49 лица, на база на едно ноќевање со појадок со вклучена туристичка такса во една еднокреветна соба и во дваесет и четири двокреветни соби, во период од 02.11.-03.11.2024 година, оваа вредност изнесува вкупно 227.855,00 година без вклучено ДДВ.

Имајќи ја во предвид предметната документација доставена од страна на Училиштето, наводите на подносителот на пријавата за постоење на корупција по однос на потрошени средства и намената на спорното патување се неосновани.

ДКСК констатира дека потрошените средства за превоз и за хотелско сместување не ја надминувале сумата предвидена за истото со склучените договор/рамковна спогодба за услуги – хотелско сместување, односно за извршен превоз на патници.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ. Член на ДКСК